# ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

| | | |
|---|---|---|
| Излегува по потреба | Број 24 | 12.05.2023 год. |

**ЈЕГУНОВЦЕ, МАЈ 2023**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

РЕШЕНИЕ

За прогласување на Одлуката за определување на месечен надоместок на членовите на Советот на Општина Јегуновце за присаство на седница

**Се прогласува** Одлуката за определување на месечен надоместок на членовите на Советот на Општина Јегуновце за присаство на седница, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 11.05.2023 год.

Бр.09-793/1
12.05.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), а во согласност со Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Сл.весник на СРМ„ бр.36/90, и „Сл.весник на РМ„бр.38/91,23/97,37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09,42/10, 97/10, 161/10, 11/12, 145/12, 70/13, 139/14 и 233/18), Советот на Општина Јегуновце на дваесетичетвртата седница одржана на ден 11.05.2023 год. донесе

# О Д Л У К А

## За определување на месечен надоместок на членови на Советот на Општина Јегуновце за присуство на седница

Член 1

Со оваа Одлука се определува месечен надоместок на членовите на Советот на Општина Јегуновце за присуство на седница на Совет.

Член 2

Месечниот надоместок за присуство на седници на Совет без оглед на нејзиното времетраење се утврдува во износ од 40% од просечната месечна нето плата во РСМ исплатена за претходната година.

Месечниот надоместок на членовите на Совет на Општина Јегуновце за присуство на седници на Совет изнесува 12.743 денари.

Член 3

На Претседателот на Советот на Општина Јегуновце за раководење и организирање на работата на Советот надоместокот во член 2 на оваа Одлука се зголемува за 30% и ќе изнесува 16.566 денари.

Член 4

Месечниот надоместок од член 2 на оваа Одлука за присуство на седница на Совет се исплатува за присуство на сите седници на Советот од тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седница на Советот се намалува за 30% за секое отсуство на седница на Совет.

Месечниот надоместок за присуство на седница на Советот не се исплатува доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седница нема да се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржи седница.

Член 5

На членовите на Советот на Општина Јегуновце ќе им се исплати надоместок за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници, вработени во општинската администрација на Општина Јегуновце.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„ а ќе се применува од 01.05.2023 год.

Член 7

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката на Совет бр.08-1025/6 од 30.06.2022 („Службен гласник на Општина Јегуновце„ бр.11/2022).

Бр.08-781/3
11.05.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 год

**Се прогласува** Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 год,
што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 11.05.2023 год.

Бр.09-793/2
12.05.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

5.-

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), а во согласност со Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Сл.весник на СРМ„ бр.36/90, и „Сл.весник на РМ„бр.38/91,23/97,37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09,42/10, 97/10, 161/10, 11/12, 145/12, 70/13, 139/14 и 233/18), Советот на Општина Јегуновце на дваесетичетвртата седница одржана на ден 11.05.2023 год. донесе

**О Д Л У К А**

За изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година, бр.08-2056/5 од 26.12.2022 год. („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.18/2022), Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година,бр.08-183/5 од 30.01.2023 год., Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година, бр.08-409/6 од 03.03.2023 год.,Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година, бр.08-516/3 од 22.03.2023 год. и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година, бр.08-686/4 од 28.04.2023 год. „во член 13 став 1 бројот 08-1025/6 од 30.06.2022 год.„ се заменува со бројот „ 08-781/3 од 11.05.2023 год.„.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник„ на Општина Јегуновце.

Бр.08-781/4
11.05.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 год

**Се прогласува** Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 год, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 11.05.2023 год.

Бр.09-793/3
12.05.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл. весник на РМ бр. 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/15 и 167/16 и Сл. весник на РСМ бр. 151/2021) Советот на Општина Јегуновце на дваесетичетвртата седница одржана на ден 11.05.2023 година донесе

# ОДЛУКА
## проширување на средствата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 година

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на општината за 2023 година на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| *Се зголемуваат приходите на следните потаставки :* | | | | | |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **517.000** | **0** | **0** |
| 741114 | *Пренесен вишок на Приходи од претходната година* | 0 | 517.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **517.000** | **0** | **0** |
| *и се распредуваат на следните расходни потаставки :* | | | | | |
| V10 | ***ДЕТСКИ ГРАДИНКИ*** | | | | |
| 421110 | *Електрична енергија* | 0 | 240.000 | 0 | 0 |
| 424440 | *Поправки и одржување на друга опрема* | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| 480150 | *Купување на кујнска опрема* | 0 | 57.000 | 0 | 0 |
| 480190 | *Купување на друга опрема* | 0 | 75.000 | 0 | 0 |
| 480290 | *Купување на други машини* | 0 | 45.000 | 0 | 0 |
| 483110 | *Купување на канцелариски мебел* | 0 | 40.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **517.000** | **0** | **0** |

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„ и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2023 година.

Бр. 08-781/5
11.05.2023 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за давање на согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на основното училиште „Симче Настовски„с.Вратница Општина Јегуновце

**Се прогласува** Одлуката за давање на согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на основното училиште „Симче Настовски„с.Вратница Општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 11.05.2023 год.

Бр.09-793/4
12.05.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

9.-

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) а во согласност со член 26 став 4 од Законот за основно образование („Сл.весник на РСМ„ бр.161/2019) Советот на Општина Јегуновце на дваесетичетвртата седница одржана на ден 11.05.2023 год. донесе

## ОДЛУКА

За давање на согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на основното училиште „Симче Настовски„ с.Вратница Општина Јегуновце

Член 1

Советот на Општина Јегуновце дава согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на основното училиште „Симче Настовски„ с.Вратница, општина Јегуновце, бр.0101-78/1 усвоена од Училишниот одбор на ден 26.04.2023 год.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник„ на Општина Јегуновце.

Бр.08-781/6
11.05.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

## РЕШЕНИЕ

За прогласување на Одлуката за давање на согласност за измена на Годишен план за вработување за 2023 година во Општина Јегуновце

**Се прогласува** Одлуката за давање на согласност за измена на Годишен план за вработување за 2023 година во Општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 11.05.2023 год.

Бр.09-794/5
12.05.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

11.-

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3, а во врска со став 2 од истиот член од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Сл.весник на РСМ" број 143/19 и 14/20), а во согласнсот со член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ" број 5/02 и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Службен Гласник на Општина Јегуновце" број 21/03, Советот на Општина Јегуновце на седницата одржана на ден 11.05.2023 година донесе

## ОДЛУКА
### За давање согласност за измена на Годишен план за вработување за 2023 година во Општина Јегуновце

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за измена на Годишен план за вработување за 2023 година, во Општина Јегуновце заверен со архивски број 01-700/1 од 27.04.2023 година.

Член 2

Советот на Општина Јегуновце дава согласност за пополнување на слободни работни места преку објавување на јавен оглас согласно одредбите на Законот за административни службеници и Законот за работни односи.

За пополнување на слободните работни места предвидени во Правилникот за систематизација на работните места во Општина Јегуновце се обезбедени парични средства во Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 година, од ставките 401 и 402 Програма Е0.

Член 3

По добиената согласност од страна на Советот на Општината, измената на Годишниот план за вработување за 2023 година од член 1 на оваа Одлука, Општината да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце"

Бр.08-781/7
11.05.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Јегуновце и Општина Брвеница

**Се прогласува** Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Јегуновце и Општина Брвеница, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 11.05.2023 год.

Бр.09-793/6
12.05.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

13.-

Врз основа на член 4 став 3 и член 7 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на РМ„ бр.79/09), член 14 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Република Македонија„ бр.5/02), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце, Советот на Општина Јегуновце на дваесетичетвртата седница одржана на ден 11.05.2023 год. донесе

## О Д Л У К А
## за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Јегуновце и Општина Брвеница

### Член 1

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Јегуновце и Општина Брвеница.

### Член 2

Меѓуопштинска соработка од член 1 на оваа одлука ќе се остварува за успешно извршување на работите и работните задачи што се во надлежност на општините од надлежност на Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, донесување на урбанистички планови, издавање на одобренија за градење и решенија за изведување на градби за кои не е потребно одобрение за градење, од страна на Општина Брвеница, а за сметка на Општина Јегуновце и Комисијата за урбанизам на Општина Брвеница ќе ги врши работите и работните обврски од своја надлежност за потребите на Општина Јегуновце.

### Член 3

За остварување на меѓуопштинската соработка ќе се склучи договор помеѓу двете општини претставувани од градоначалниците за вршење на определени работи од страна на една општина за друга општина, во смисла на одредбите од член 9 став 2 алинеа 2 и член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на РМ„ бр.79/09).

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Јегуновце".

Бр.08-781/8
11.05.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# РЕШЕНИЕ

За прогласување на Одлуката за утврдување на приоритет на проект Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проект

**Се прогласува** Одлуката за утврдување на приоритет на проект Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проект, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 11.05.2023 год.

Бр.09-793/7
12.05.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

15.-

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на дваесетичетвртата седница одржана на ден 11.05.2023 год. донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на приоритет на проект**
**Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проект**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет **за набавка на топлински пумпи DAIKIN** за реализација на проектот Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проект

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-781/9
11.05.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за кофинансирање на проектот-Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проект

**Се прогласува** Одлуката за одобрување на финансиски средства за кофинансирање на проектот-Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проект, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 11.05.2023 год.

Бр.09-793/8
12.05.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

17.-

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на дваесетичетвртата седница одржана на ден 11.05.2023 год. донесе

# ОДЛУКА
## за одобрување на финансиски средства за кофинансирање на проектот- Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проект

Член 1

Од Буџетот на Општина Јегуновце за кофинансирање на проектот Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проект се одобруваат финансиски средства во износ од 20% од вредноста **за набавка на топлински пумпи DAIKIN**.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Јегуновце

Бр.08-781/10
11.05.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

## РЕШЕНИЕ

За прогласување на Одлука за одобрување на финансиска помош

**Се прогласува** Одлуката за одобрување на финансиска помош, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 11.05.2023 год.

Бр. 09-793/9
12.05.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

19.-

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на дваесетичетвртата седница одржана на ден 11.05.2023 год., го разгледа барањето од Баки Шаќири од с.Шемшово и донесе,

**О Д Л У К А**

За одобрување на финансиска помош

Член 1

Од Буџетот на Општина Јегуновце на Баки Шаќири од с.Шемшово му се одобрува еднократна финансиска помош во износ од 20.000 ден.

Средствата од став 1 на овој член се одобруваат како финансиска помош за санирање на штета причинета од пожар кој избувна на ден 30.04.2023 год. во семејната куќа.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-781/11
11.05.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

# С О Д Р Ж И Н А

**Страна**

1. Решение за прогласување на Одлуката за определување на месечен надоместок на членови на Советот на Општина Јегуновце за присуство на седница . ........................................................................................ 1

2. Одлука за определување на месечен надоместок на членови на Советот на Општина Јегуновце за присуство на седница ........................................ 2

3. Решение за прогласување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година.......................................................................................................... 4

4. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 г.......................................................... 5

5. Решение за прогласување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 година. ................................................... 6

6. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 година.......................................................................................................... 7

7. Решение за прогласување на Одлука за давање на согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на основното училиште „Симче Настовски„ с.Вратница ........................................ 8

8. Одлука за давање на согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на основното училиште „Симче Настовски„ с.Вратница ................................................................................................................ 9

9. Решение за прогласување на Одлука за давање согласност за Измена на Годишен план за вработување за 2023 година во Општина Јегуновце............ 10

10. Одлука за давање согласност за Измена на Годишен план за вработување за 2023 година во Општина Јегуновце.......................................................... 11

11. Решение за прогласување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Јегуновце и Општина Брвеница.. ................................................................................................................ 12

12. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Јегуновце и Општина Брвеница.......................................................................... 13

13. Решение за прогласување на Одлуката за утврдување на приоритет на проект Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проект ........................................................................................................ 14

14. Одлука за утврдување на приоритет на проект Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проект ........................................................ 15

15. Решение за прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за кофинансирање на проектот- Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проект.......................................................... 16

16. Одлука за одобрување на финансиски средства за кофинансирање на проектот- Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проект............................................................................................................ 17

17. Решение за прогласување на Одлуката за одобрување на финансиска помош ……………………………………………………………………………18

18. Одлуката за одобрување на финансиска помош ……………………………….19